# БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно член 19 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.весник на РСМ бр.42/20, 294/21 и 101/25), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им овозможува на субјектите на личните податоци непречено остварување на нивното право на пристап до нивните лични податоци.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги преземе сите потребни активности со цел да одговори на барањето на субјектот во рок од 30 дена од приемот на Барањето, односно, од добивањето на дополнителните информации доколку првично поднесеното Барање е нејасно или некомплетно.

## 1. Податоци за подносителот на Барањето

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Категорија на субјект (вработен/а, надворешен соработник/чка, апликант/ка за работа, учесник/чка во активности) | |
| Адреса | |
| Контакт телефонски број | |
| e-mail адреса | |

## 2. Податоци до кои субјектот на лични податоци бара пристап

Ве молиме со заокружување означете до кои податоци барате пристап:

- категориите на личните податоци кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги обработува за мене
- целите на обработката на моите лични податоци
- корисниците на кои се откриени или ќе бидат откриени моите лични податоци
- предвидениот рок за кој ќе се чуваат моите лични податоци
- изворот од кој се собираат личните податоци за мене
- поостоење на автоматизиран процес на одлучување и профилирање
- пренос на личните податоци во трета земја или меѓународна организација

## 3. До кои лични податоци барате пристап?

Ве молиме наведете до кои лични податоци барате пристап. Наведете ги детално сите релевантни детали кои ќе ни помогнат да ги идентификуваме личните податоци до кои барате пристап (број на договор, датум и начин на дадена согласност, активен линк доколку се работи за јавно објавен податок и слично)

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна да Ви обезбеди копија од личните податоци што се обработуваат. За сите дополнителни копии побарани од Ваша страна, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесува одлука

дали ќе наплати надоместок. Доколку Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги наплати надоместок, висината на истиот зависи од обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на копиите. Ако Вашето Барање е поднесено по електронски пат, информациите ќе Ви бидат обезбедени на вообичаен начин кој се користи во случај на електронска форма.

## 4. ИЗЈАВА

Јас, ____________________________, потврдувам дека ги прочитав и ги разбирам информациите содржани во ова Барање и дека информациите кои ги обезбедив се точни. Разбирам дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да побара потврда за мојот идентитет и/или за идентитетот на субјектот на личните податоци како и дополнителни информации кои ќе помогнат во идентификување на податоците до кои барам пристап.

| Потпис | Датум |
| --- | --- |
| _____________________ | ____________________ |

Документи во прилог на Барањето:
- Доказ за идентитетот на субјектот на личните податоци (кога подносител е овластено лице)
- Овластување од субјектот на личните податоци
- Оправданост на Барањето (детално образложение согласно точка 3)